„СКОПСКО ЛЕТО 95“

# ВЕЧЕР НА ИСКРА ШУКАРЕВА

**● МЛАДАТА БАЛЕРИНА И КОРЕОГРАФ ИСКРА ШУКАРЕВА НА СЦЕНАТА НА МНТ ВЕЧЕРВА ЌЕ СЕ ПРЕТСТАВИ СО ДВЕ СВОИ НОВИ КОРЕОГРАФИИ – НА ПРЕТСТАВАТА „ИНФЕРНО“ И МИНИЈАТУРАТА „ДВЕ СОЛЗИ“. – БАЛЕТСКАТА ВЕЧЕР ЌЕ БИДЕ КОМПЛЕТИРАНА И СО МИНАТОГОДИШНАТА УСПЕШНА ПРЕТСТАВА ИСТО ВО НЕЈЗИНА КОРЕОГРАФИЈА – „ПАСТЕЛИ“**



ИСКРА ШУКАРЕВА

Вечерашнив термин на „Скопско лето 95“ е резервиран за Балетот на МНТ. Од 20,30 часот, на матичната сцена, оваа куќа ќе има свое целовечерно претставување со три проекта на младата балерина и кореограф Искра Шукарева. Всушност, два проекта – балетот „Инферно“ и минијатурата „Две солзи“ вечерва ќе ја имаат својата премиера, а третиот, пак, е веќе познатиот минатогодишен успешен балет, „Пастели“.

– „Инферно“ го работев според музиката на Алфред Шнитке, познат композитор, класик на современото музичко творештво. Конкретно, ја користев музиката на неговиот „Кончерто гросо бр. 1“, пет од вкупно шестте става, за да ја раскажам мојата приказна за луѓето што живеат на еден простор без излез во кој единствено им преостанува да циркулираат меѓу себе и во него да ја наоѓаат смислата на своето постоење. Оттаму и насловот на претставата – „Инферно“, што значи простор во кој се случува нешто лошо, се наговестува некаква непријатна состојба. Иако на мнозина ваквата идеја на претставата може да им асоцира на нашиов македонски простор, сепак, морам да кажам, јас конкретно не мислев на него. Моите размислувања беа насочени кон ограниченоста на нашава планета и на сè она што на неа се случува. Што се однесува пак до кореографијата, како и во „Пастели“, таа се базира на современите принципи, но сега е посложена, што значи не е само чиста современа форма на движења, туку нешто повеќе од тоа – современ балетски израз – ни рече Искра Шукарева.

Во претставата настапуваат 12 балерини и еден балетски играч, во костимите на Елена Дончева. Сценографските и светлосните решенија (со помош на МНТ – светло мајсторите) се на Искра Шукарева. – Значајно е да се напомене дека претставата е правена во најефтината можна варијанта – со позајмување на сценографија од други претстави, а костимите пак се шиени од заостанати материјали. Во сегашнава беспарица, ова беше единствениот можен начин да се направи претстава – вели Шукарева.

Минијатурата „Две солзи“ е исто така нејзин проект работен според музиката на Вивалди. Во него покрај Шукарева игра и Катерина Кипровска. Со оваа макратка претстава двете македонски балерини неодамна настапија на Светскиот балетски натпревар во Хелсинки, што се одржа од 9 до 22 минатиот месец. Делото беше претставено во кореографската конкуренција, а Шукарева и Кипровска плус имаа учество и во балетскиот натпреварувачки дел со класичен репертоар.

Г.К.

„Вечер“ 4.07.1995